E-vlada (makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 20

Електронската влада е многу повеќе од примена на нови модерни информатичко-комуникациски технологии. Таа претставува трансформација на начинот на работа на Владата и начинот на размислување и делување на јавната администрација со цел да се создадат висококвалитетни сервиси за граѓаните, бизнисите и јавната администрација, Е-владаtа бара активна соработка меѓу Владата, граѓаните и приватниот сектор. Sо овој процес се надминuваат злоупотребите предизвикани од законодавни, контролни, финасиски и технолошки причини, како и од причини кои настануваат поради отпори и интереси.

Принципи и насоки за креирање на е-влада - концепт на партнерство меѓу Владата, граѓаните и приватниот сектор

Концептот на е-влада, е многу повеќе од примена на нови технологии и во основа претпоставува фундаметнална трансформација на начинот на работата на Владата и начинот на размислување и делување на луѓето.

До каде сме со развојот на информатичкото општество во Република Македонија? Дали сме способни и подготвени за е-влада? Кои се проблемите? Кои се грешките? Како да ги искористиме потенцијалите на ИКТ? Во кои целни подрачја, со кои приоритети да се делува? Како да се организираме? Како ќе најдеме средства? Која е пораката и искуството на донорската заедница и како ефикасно може да помогне?

е-Влада: приоритети ?

Насоките и акциите кои треба да превземат за креирање на е-влада, треба да бидат избалансирани и да ја одразуваат реалната економска, социјална и политичка состојба, како и постоечкиот капацитет на ИКТ, човечките и финансиските ресурси.

Направен е обид за креирање на груба концептуална рамка на принципи, акции и приоритети кои претставуваат само почетни основи на акционен план. Во неа се вградени клучните фази и фактори на е-влада, искуствата, проблемите и можни опции за нивно надминување.

Наша искрена надеж е дека вашите предлози, сугестии и укажувања ќе ја обликуваат оваа рамка во конзистентен и реалистичен акционен план, со утврдени активности, одговорности и рокови.

1. Дали имаме јасна визија за е-влада?

Е-влада може да се однесува на многу различни работи, во сите облици и големини и да е резултат на различни интереси и потреби. Затоа е важно дефинирање на јасна визија и приоритетни целни подрачја, со учество на сите актери (граѓани, бизнис, државната администрација, граѓански здруженија). Таа треба да произлезе од главните цели или проблеми со кои се соочува општеството.

Визијата мора да е изградена врз доверба и јасно ориентирана кон подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и нивната различна улога во различни ситуации.

Акции:

- Формирање на КИТ (komisija za informati~ka tehnologija) со одговорност за стратешката трансформација на владата од сегашната позиција кон е-влада
- Иницирање на низа јавни форуми, тркалезни маси и комуникација со сите корисници: владата, приватниот сектор, граѓаните, за утврдување на реалната ситуација, проблемите и потребите, формулирање на визијата за е-влада и утврдување на приоритети
- Воспоставување на web страница на КИТ, и отворена комуникација со јавноста

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL: maturskiradovi.net@gmail.com